Телефон: ++389 (0)2 5511711
Факс: ++389 (0)2 3060651
E-mail: zabavna@novamakedonija.com.mk

## Мултимедијална инфузија во Тетово

Тетовското кафуле „Салун“ организира поетска вечер наречена „Мултимедијална инфузија“. Учесниците што ќе рецитираат свои поетски стихови, од организаторот ќе добијат видеоматеријал што ќе се емитува во заднина, а ќе биде инспириран од самото дело.

Исто така, поезијата ќе биде придружувана од виолинист, кој ќе компонира музика специјално за избраните стихови на авторот.

- Покрај убавите поетски зборови, сакаме вечерта да создадеме автентична атмосфера со видеоматеријалите, како и со настапот на виолинистот Глигор Кондовски - велат од кафе-барот „Салун“.

Организаторите објавија конкурс за пријавување, по што ќе бидат избрани 12 учесници што ќе се натпреваруваат за парична награда. Првата „Мултимедијална инфузија“ е закажана в недела, со почеток во 21 часот. **А.С.**

## Разгалена тинејџерка му испратила смртна закана на Дедо Мраз

Родителите на 13-годишната **Мекида Остин** од Бедфорд се изненадиле кога, покрај неколкуте желби за новогодишни подароци, нивната ќерка напишала и заканувачко писмо до Дедо Мраз.

- Ако не добијам барем две од наведените работи, ќе те убијам, а твоите глупави ирваси ќе ги зготвам и ќе им ги послужам на бездомниците - напишала малата Мекида.

Девојката навела дека го сака најновиот модел на блекбери, патики „конверс“, брендирани очила за сонце, нова облека и пари. Исто така, Дедо Мраз мора да обезбеди и запознавање со тинејџерската сензација **Џастин Бибер** и **Остин Махони**.




# Филмот за рисот Марко ќе се преведе на македонски

Документарниот филм за македонскиот рис Марко што беше прикажан на германската телевизија Арте наскоро ќе биде преведен на македонски, за да може да се прикаже и пред домашната публика. Македонското еколошко друштво, кое заедно со националниот парк „Маврово“ даде најголем придонес во снимањето, се обидува да обезбеди превод на овој документарец заедно со уште еден за Преспа, бидејќи и двата ги сними истата германско-француска продукциска куќа.

Преводот, најавуваат од друштвото, би можел да биде готов во првите два-три месеци од наредната година. Прво би се организирале проекции за одбрана публика, од национални паркови, од други институции што би можеле да придонесат за заштитата на рисот. За да се прикаже на некоја домашна телевизија ќе треба да се постигне договор со продукцијата околу условите, но од Македонското еколошко друштво велат дека би биле подготвени да посредуваат околу тоа и да ги воспоставаат контактите.